## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**5557.**

Врз основа на член 27-б став 3 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 и 23/13), министерот за правда, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА ЗА РЕДОВНО ГОДИШНО ФИНАНСИРАЊЕ ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Запирањето на исплата на средства за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија на политичките партии во Одлуката број 11-3335/1 од 9 октомври 2014 година престанува да важи за политичките партии:

1. МБ: 6110452 – ТАТКОВИНСКА МАКЕДОНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА РАДИКАЛНА ОБНОВА – ВАРДАР-ЕГЕЈ-ПИРИН (не се доставени: извештај од регистар на примени донации / член 25, годишна сметка / член 26 став 3 и годишен финансиски извештај / член 27); и

2. МБ: 5193303 – СОЈУЗ НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА (не се доставени: извештај од регистар на примени донации / член 25, годишна сметка / член 26 став 3 и годишен финансиски извештај / член 27);

Оваа одлука е конечна и истата ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ согласно член 27-б став 6 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 и 23/13).

#### О б р а з л о ж е н и е

Во врска со Одлуката за запирање на исплатата на средствата на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија објавена во „Службен весник на Република Македонија” број 153/2014 од 20.10.2014 година, Државниот завод за ревизија достави барање за запирање на забраната на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање на политичките партии кои ги исполниле обврските за финансиско известување за 2013 година број 36-649/5 од 18.11.2014 година.

Државниот завод за ревизија достави известување дека политичките партии ТАТКОВИНСКА МАКЕДОНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА РАДИКАЛНА ОБНОВА – ВАРДАР-ЕГЕЈ-ПИРИН и СОЈУЗ НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА, ги исполниле целосно своите обврски за финансиско известување за 2013 година.

Со оглед дека наведените политички партии ги исполниле условите за запирање на забраната за исплата на средствата на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија, па согласно член 27–б став 3 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на РМ“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11, 142/12 и 23/13), се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука политичките партии можат да поведат управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на објавување на истата во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 11-3335/11
28 ноември 2014 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Аднан Јашари**, с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**5558.**

Врз основа на член 15 ставови (18) и (19) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13 и 106/13), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ВИДОТ НА ПОДАТОЦИТЕ, ПОСТАПКАТА И НАЧИНОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ИДЕНТИФИКАЦИСКИ БРОЈ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СТОПАНСТВО И ЗА ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИ И БРИШЕЊЕ, СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ОБРАЗЦИТЕ И ПОТРЕБНАТА ПРИДРУЖНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ, ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИ И БРИШЕЊЕ И НАЧИН И РОК ЗА РАКУВАЊЕ, УПОТРЕБА, ОБЈАВУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ЕДИНСТВЕН РЕГИСТАР НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА, КАКО И СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И РЕШЕНИЕТО ЗА БРИШЕЊЕ ОД ЕДИНСТВЕНИОТ РЕГИСТАР НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат видот на податоците, постапката и начинот за запишување и доделување на единствен идентификациски број на земјоделското стопанство и за промена на податоци и бришење, содржината и формата на обрасците и потребната

придружна документација за запишување, промена на податоци и бришење и начин и рок за ракување, употреба, објавување и чување на податоците од единствен регистар на земјоделски стопанства, како и содржината и формата на решението за запишување и решението за бришење од Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

Член 2

За запишување на земјоделското стопанство во Единствениот регистар на земјоделски стопанства (во понатамошниот текст: ЕРЗС) и за доделување на единствен идентификациски број, (во понатамошниот текст: ИДБР) односно за пријавување на промени, носителот на земјоделското стопанство поднесува барање за упис и пријава на промени во ЕРЗС во подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на подрачјето каде се наоѓа седиштето на земјоделското стопанство.

Барањето од став 1 на овој член ги содржи следните обрасци и тоа: обрасци бр. 1А, 1Б, 2, 4А, 4Б, 5 и 6 во А4 формат на хартија во бела боја и образец бр. 3 во А3 формат на хартија во бела боја.

Формата и содржината на барањето од став 1 на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Кон барањето од член 2 став 1 на овој правилник носителот на земјоделското стопанство треба да ја достави следната придружна документација и тоа:

- изјава на членовите на семејното земјоделско стопанство со која потврдуваат дека се членови на едно земјоделско стопанство и дека се назначува еден од членовите за носител на семејното земјоделско стопанство;

- доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште: имотен лист не постар од шест месеци; договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост; договор за закуп на земјоделско земјиште во приватна сопственост; договор за плодоуживање на земјоделско земјиште во државна сопственост или договор за плодоуживање на земјоделско земјиште во приватна сопственост;

- доказ за бројна состојба на добитокот – листа со броеви од пасоши на регистриран и идентификуван добиток или потврда со броеви на пасоши од овластени организации како и потврда од официјален ветеринар за бројот на одгледувани животни или пчелни семејства кои не се евидентирани;

- копија од сметка на носителот на земјоделското стопанство;

- изјава на одговорното лице на правното лице носител на земјоделското стопанство дека не постои капитална поврзаност меѓу правните лица носители на земјоделските стопанства запишани во ЕРЗС;

- доказ за тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар на Република Македонија не постара од шест месеци и

- копија од депонирани потписи за правни лица.

Освен документацијата од став 1 на овој член носителот на земјоделското стопанство во зависност од дејноста која ја врши треба да ги достави и следните документи:

- изјава за производство на печурки, вид на печурки, производствен капацитет во метри квадратни и обем на производство за запишување на печуркарник;

- имотен лист во кој се запишани оранжериите за оранжериско производство за запишување на оранжерии;

- имотен лист за објектот во кој ја извршува дејноста сточарско производство за запишување на земјоделско стопанство кое се занимава со сточарско производство и не располага со земјоделско земјиште;

- изјава за одгледување полжави, вид на полжави, производствен капацитет во метри квадратни и обем на производство за запишување на производство на полжави и

- сертификат за органско производство или производство во конверзија за органските производители.

Во случај на промена на податоците по запишувањето на земјоделското стопанство во ЕРЗС согласно рокот утврден од член 15 став 12 од Законот за земјоделство и рурален развој, носителот на земјоделското стопанство треба да поднесе барање од член 2 став 1 на овој правилник и да ја приложи потребната документацијата со што ја докажува новата состојба настаната со промената.

Член 4

По поднесување на барањето од член 2 став 1 на овој правилник заедно со придружната документацијасо кое се бара запишување во ЕРЗС, електронски се доделува ИДБР на земјоделското стопанство.

ИДБР на земјоделското стопанство се состои од 11 броја од кои првите 10 места се последователниот број на запишаното земјоделското стопанство, а последното место претставува контролен број.

Член 5

По доделувањето на ИДБР на носителот на земјоделското стопанство му се издава решение за запишување во ЕРЗС на хартија во бела боја во А4 формат.

Решението од став 1 на овој член ги содржи следните податоци и тоа:

- грб на Република Македонија;

- назив "Република Македонија" а под него назив „Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство";
- назив на подрачната единица;
- ИДБР со бар код;
- законски основ;
- број и датум на поднесено барање;
- име и презиме на подносителот на барањето;
- место на живеење на подносителот на барањето;
- име и презиме на носителот на земјоделското стопанство односно назив на правното лице;
- адреса односно седиштето на земјоделското стопанство;
- ИДБР број на земјоделското стопанство;
- трансакциска сметка односно жиро сметка;
- број на членови на земјоделското стопанство;
- организациски облик на земјоделското стопанство;
- пријавени површини под растително производство;
- пријавени капацитети за сточарско производство;
- образложение;
- правна поука;
- име, презиме и потпис на овластеното лице од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- датум на издавање на решението и
- место за печат.

Формата и содржината на решението од став 1 на овој член се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Земјоделското стопанство се брише од ЕРЗС во следните случаи и тоа:
- на барање на носителот на земјоделското стопанство;
- кога носителот на земјоделското стопанство ќе го отуѓи земјоделкото земјиште и не е сопственик на добиток или
- со престанок на вршење на земјоделската дејност.

Формата и содржината на барањето за бришење на земјоделското стопанство од ЕРЗС се дадени во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 7

Во случај на исполнување на некој од условите од член 6 став 1 на овој правилник, се издава решение за бришење на земјоделското стопанство од ЕРЗС.

Решението од став 1 на овој член се издава во А4 формат на хартија во бела боја и ги содржи следните податоци:
- грб на Република Македонија;
- „Република Македонија", а под него назив „Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство";
- назив на подрачната единица;
- ИДБР со бар код;
- законски основ;
- број и датум на поднесено барање;
- име и презиме на подносителот на барањето;
- место на живеење на подносителот на барањето;
- име и презиме на носителот на земјоделското стопанство односно назив на правното лице;
- адреса односно седиште на земјоделското стопанство;
- ИДБР број на земјоделското стопанство;
- организациски облик на земјоделското стопанство;
- образложение;
- правна поука;
- име, презиме и потпис на овластеното лице од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и
- место за печат.

Формата и содржината на решението од став 1 на овој член се дадени во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

Член 8

Податоците од ЕРЗС се чуваат во електронска форма во период од пет години и се употребуваат за административна контрола на барателите на финансиска поддршка, за потребите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за следење, анализа и креирање на политиките во земјоделството и руралниот развој.

Податоците од став 1 на овој член се чуваат во електронска форма, а се објавуваат во збирна форма по земјоделски култури, по општини и на ниво на Република Македонија.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за форма, содржина, потребна документација и начин на водење на единствениот регистер на земјоделски стопанства („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/11).

Член 10

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1601/7
26 ноември 2014 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
м-р **Михаил Цветков**, с.р.

**ПРИЛОГ1**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

| ОБРАЗЕЦ БР.1А | БАРАЊЕ ЗА УПИС И ПРИЈАВА НА ПРОМЕНИ ВО ЕРЗС носител ФИЗИЧКО ЛИЦЕ |
|---|---|

**ОБРАЗЦИТЕ ТРЕБА ДА СЕ ПОПОЛНАТ СО ГОЛЕМИ ПЕЧАТНИ БУКВИ**

**1. Подрачна единица на МЗШВ** ____________ **ИДБР** ____________

пополнува службеникот во Подрачната единица на МЗШВ

**2. Организациски облик на земјоделското стопанство** (ЗС): [ 1 ]

1/ семејно земјоделско стопанство; 2/ трговец поединец; 3/ трговско друштво; 4/ задруга; 5/ останато (МПЦ или други верски заедници, АРМ, научно-образовни институции и сл.) 6/ регистриран индивидуален земјоделец

**ПОПОЛНУВА СЕМЕЈНО ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО (СЗС) - ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА СЗС**

**3. Име** ____________

**4. Презиме** ____________

**5. ЕМБГ** [ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ]

**6. Датум на раѓање** [ ][ ] ден [ ][ ] месец [ ][ ][ ][ ] година

**7. Место на раѓање** ____________

**8. Држава на раѓање** ____________

**9. Пол** [ М ] [ Ж ]

**10. Работна активност** [ ]

1/ се занимава исклучиво со земјоделство; 2/ земјоделство како претежна дејност (над 50% од работното време); 3/ земјоделство како дополнителна дејност (помалку од 50% од работното време); 4/ пензионер (со формален статус)

**11. Образование** [ ]

1/ незавршено основно образование; 2/ основно образование; 3/ средно образование; 4/ вишо образование; 5/ високо образование-факултет; 6/ постдипломско образование

**12. Број на членови кои живеат и работат на СЗС** [ ]

**СЕДИШТЕ НА СЗС (податоци од лична карта од носителот на СЗС)**

**13. Улица и број** ____________

**14. Населено место** ____________

**15. Општина** ____________

**16. Телефон домашен** ____________ **мобилен** ____________

**17. Факс** ____________ **18. Е-маил** ____________

**ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ СО ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СТОПАНСТВО (доколку се различни од податоците за седиштето на СЗС)**

**19. Улица, број, место** ____________

**20. Телефон домашен** ____________ **мобилен** ____________

**21. Факс** ____________ **22. Е-маил** ____________

**СМЕТКА НА СЗС (сметка на носителот на СЗС)**

**23. Име на банката** ____________

**24. Подружница** ____________

**25. Сметка на банката** _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

**26. Сметка на носителот на СЗС** _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _

**Датум на пополнување на образецот:** [ ][ ] ден [ ][ ] месец [ ][ ][ ][ ] година

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

| ОБРАЗЕЦ БР.1Б | БАРАЊЕ ЗА УПИС И ПРИЈАВА НА ПРОМЕНИ ВО ЕРЗС носител ПРАВНО ЛИЦЕ |
|---|---|

**ОБРАЗЦИТЕ ТРЕБА ДА СЕ ПОПОЛНАТ СО ГОЛЕМИ ПЕЧАТНИ БУКВИ**

1. Подрачна единица на МЗШВ ______ ИДБР ______

пополнува службеникот во Подрачната единица на МЗШВ

**ПОПОЛНУВА САМО ТРГОВСКО ДРУШТВО/ ЗАДРУГА/ ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ/ ОСТАНАТО**

2. Организациски облик на земјоделското стопанство (организационен облик 2,3,4,5,6): [ ]

1/ семејно земјоделско стопанство; 2/ трговец подинец; 3/ трговско друштво; 4/ задруга; 5/ останато (МПЦ или други верски заедници, АРМ, научно-образовни институции и сл.), 6/ регистриран индивидуален земјоделец

**НОСИТЕЛ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СТОПАНСТВО** (Податоци за правното лице)

3. Назив на фирмата ______

4. Матичен број на правното лице ______

**СЕДИШТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СТОПАНСТВО**

5. Улица и број ______

6. Населено место ______

7. Општина ______

8. Телефон ______

9. Факс ______

10. Е-маил ______

**ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ СО ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СТОПАНСТВО** (доколку се различни од податоците за седиштето на ЗС)

11. Улица, број, место ______

12. Телефон ______ мобилен ______

13. Факс ______ 14. Е-маил ______

**ОВЛАСТЕНО / ОДГОВОРНО ЛИЦЕ** (од лична карта)

15. Име ______

16. Презиме ______

17. ЕМБГ [ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ][ ]

18. Датум на раѓање [ ][ ] [ ][ ] [ ][ ][ ][ ]
ден месец година

19. Место на раѓање ______

20. Држава на раѓање ______

21. Пол [М] [Ж]

22. Улица и број ______

23. Населено место ______

24. Општина ______

**СМЕТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СТОПАНСТВО**

25. Име на банката ______

26. Подружница ______

27. Сметка на банката ______

28. Жиро сметка на фирмата ______

Датум на пополнување на образецот: [ ][ ] [ ][ ] [ ][ ][ ][ ]
ден месец година

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

| ОБРАЗЕЦ БР. 2 | БАРАЊЕ ЗА УПИС И ПРИЈАВА НА ПРОМЕНИ ВО ЕРЗС НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО СТОПАНСТВО |
|---|---|

Во случај на потреба на повеќе простор користете друг лист означен како 2/1, итн)

**ОБРАЗЦИТЕ ТРЕБА ДА СЕ ПОПОЛНАТ СО ГОЛЕМИ ПЕЧАТНИ БУКВИ**

**1. Подрачна единица на МЗШВ** ______ **ИДБР** ______

пополнува службеникот во Подрачната единица на МЗШВ

**ЧЛЕНОВИ НА СЕМЕЈНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА (пополнуваат само СЗС)**

**1. Име**
**2. Презиме**
**3. ЕМБГ**
**4. Датум на раѓање**
**5. Место на раѓање**
**6. Држава на раѓање**
**7. Пол** М Ж
**8. Работна активност**

Важи за сите членови на СЗС подолу: 1/ се занимава исклучиво со земјоделство; 2/ земјоделство како претежна дејност (над 50% од работното време),3/ земјоделство како дополнителна дејност (помалку од 50% од работното време); 4/ пензионер

**1. Име**
**2. Презиме**
**3. ЕМБГ**
**4. Датум на раѓање**
**5. Место на раѓање**
**6. Држава на раѓање**
**7. Пол** М Ж
**8. Работна активност**

**1. Име**
**2. Презиме**
**3. ЕМБГ**
**4. Датум на раѓање**
**5. Место на раѓање**
**6. Држава на раѓање**
**7. Пол** М Ж
**8. Работна активност**

**1. Име**
**2. Презиме**
**3. ЕМБГ**
**4. Датум на раѓање**
**5. Место на раѓање**
**6. Држава на раѓање**
**7. Пол** М Ж
**8. Работна активност**

**1. Име**
**2. Презиме**
**3. ЕМБГ**
**4. Датум на раѓање**
**5. Место на раѓање**
**6. Држава на раѓање**
**7. Пол** М Ж
**8. Работна активност**

**Датум на пополнување на образецот:** ден месец година

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**ОБРАЗЕЦ БР 3** БАРАЊЕ ЗА УПИС И ПРИЈАВА НА ПРОМЕНИ НА РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО

1. Подрачна единица на МЗШВ ____________________ ИДБР ____________________

пополнува службеникот во Подрачната единица на МЗШВ

**Во табелата се запишуваат податоци за секоја парцела, врз основа на извод од катастар. Доколку на една парцела се наоѓаат повеќе различни култури редот со истата парцела се повторува онолку пати колку што има култури. Органското производство се впишува во посебни редови**

Во колона 5 да се упише: 1/ораница, 2/бавча, 3/овоштарник, 4/лозје, 5/маслиник, 6/ливада, 6/пасиште, 7/шума, 8/рибник, 9/бара, 10/неплодно земјиште, 11/останато земјиште(штали,придружни објекти, силотрапови, рибник, оранжерии, печуркарник, фарма за полжави;
Во колона 7 да се запише модалитетот кој одговара: 1/сопственост, 2/закуп на државно земјиште, 3/останат закуп, 4/концесија, 5/користење без надокнада
Во колона 8 да се запише површината на делот на парцелата на која постои право на користење
Во колона 9 треба да се запише: кај сопственост-датумот на почетокот на користење на земјиштето; кај закуп/концесија/користење без надокнада - датумот од почетокот на стапување на сила на договорот за концесија / закуп, или датумот од изјавата за користење на земјиште без надокнада.
Во колона 10 треба да се запише датумот на истекување на договорот за закуп/концесија или изјавата за користење на земјиште без надокнада
Во колона 11 и 12 треба да се запише шифрата и називот на културата на земјиштето во моментот на запишувањето - од шифрарникот на земјоделски култури
Во колона 13 треба да се запише моменталната состојба на површините под култура
Во колона 14 треба да се запише бројот на овошните стебла
Во колона 15 треба да се запише планираната површина под културата која ќе се засее до крајот на годината (до Ноември)
Во колона 16 треба да се запише планираниот број на овошни стебла, пенушки кои ќе се засадат до крајот на годината ( до Ноември)
Во колона 17 треба да се запише сертифицирано органско производство со СОП, а доколку е во фаза на конверзија со КОН

| | име на | број на | | | | | | | површина со право на | | | почеток на правото | | | крај на правото на | | | шифра на културата | | моментална површина под културата | | | | планирана површина под култура | | | планира | Органско |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ха | ар | м2 | | ха | ар | м2 | ден | мес | год | ден | мес | год | | | ха | ар | м2 | | ха | ар | м2 | | |
| | | | | | 6 | | | 7 | 8 | | | 9 | | | 10 | | | 11 | 12 | 13 | | | 14 | 15 | | | 16 | 17 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Да се додаде дополнителен лист доколку е потребно и да се обележи со 3/1 итн.**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**ОБРАЗЕЦ БР 4 А** **БАРАЊЕ ЗА УПИС И ПРИЈАВА НА ПРОМЕНИ НА СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО**

РБО ____________________

| Р.Бр | Раса | Број на ушна маркица |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

| Р.Бр | Раса | Број на ушна маркица |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**ОБРАЗЕЦ БР. 4Б**

**БАРАЊЕ ЗА УПИС И ПРИЈАВА НА ПРОМЕНИ НА СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО ПО КАТЕГОРИИ**

1. Број на животни во моментот на запишување;
2 Планиран број во текот на годината до Ноември;
3 Сертифицираното органско производство се бележи со СОП, а доколку е во фаза на конверзија се бележи со КОН

| Говеда | | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|---|
| Грла до една година | женски | | | |
| | машки | | | |
| Грла од 1 до 2 години | јуници во тов | | | |
| | нестелни јуници | | | |
| | стелни јуници | | | |
| | бикови во тов | | | |
| | бикови за расплод | | | |
| Грла над две години | нестелни јуници | | | |
| | стелни јуници | | | |
| | крави | | | |
| | бикови за тов | | | |
| | бикови за расплод | | | |

| Овци | | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|---|
| Млечни грла до 1 година | женски | | | |
| | машки | | | |
| Млечни грла над 1 година | женски | | | |
| | машки | | | |
| Месни грла до 1година | женски | | | |
| | машки | | | |
| Месни грла над 1 година | женски | | | |
| | машки | | | |

| Кози | | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|---|
| Млечни грла до 1 година | женски | | | |
| | машки | | | |
| Млечни грла над 1 година | женски | | | |
| | машки | | | |
| Месни грла над 1 година | женски | | | |
| | машки | | | |
| Месни грла над 1 година | женски | | | |
| | машки | | | |

| Пчели | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|
| Пчелни семејства | | | |

| Копитари | | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|---|
| Коњи | ждребиња | | | |
| | кобили | | | |
| | пастув за приплод | | | |
| Магариња | | | | |
| Мазги | | | | |
| Муле | | | | |

| Свињи | | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|---|
| Прасиња до 20кг | | | | |
| Товеници | од 25-50 кг | | | |
| | од 50 - 110 кг | | | |
| | над 110 кг | | | |
| Расплодни | назимки | | | |
| | спрасни назимки | | | |
| | маторици | | | |
| | нерези | | | |

| Живина | | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|---|
| Кокошки расплодно јато | | | | |
| Кокошки несилки за приплодни јајца | | | | |
| Кокошки производно јато | несилки | | | |
| | за тов | | | |
| Мисирки | | | | |
| Патки | | | | |
| Гуски | | | | |

| Друго | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|
| Ноеви | | | |
| Полжави | | | |
| Перната живина | | | |
| Животни за производство на крзно | | | |
| Друго - за друго да се напише која врста | | | |

**Датум на пополнување на образецот**______________________________

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

ОБРАЗЕЦ БР. 5 — БАРАЊЕ ЗА УПИС И ПРИЈАВА НА ПРОМЕНИ НА МЕХАНИЗАЦИЈА

**ОБРАЗЦИТЕ ТРЕБА ДА СЕ ПОПОЛНАТ СО ГОЛЕМИ ПЕЧАТНИ БУКВИ**

**1. Подрачна единица на МЗШВ** ______________________ **ИДБР** ______________
пополнува службеникот во Подрачната единица на МЗШВ

| Опрема или механизација | Година на производство | Број |
|---|---|---|
| Едноосовински трактор - мотокултиватори | | |
| Двоосовински трактор | | |
| до 40 kw ( до 54 ks ) | | |
| од 41kw до 60 kw (55ks - 82Ks ) | | |
| од 61Kw до 80kw ( 83ks - 109ks ) | | |
| од 81kw до 100kw ( 110ks - 136ks ) | | |
| над 101 kw ( над 137 ks) | | |
| Универзалени трактори | | |
| Самоодни комбајни | | |
| Влечени комбајни | | |
| Машина за прибирање земјоделски производи | | |
| Машини за сеидба | | |
| Машини за садење (на кртолести земј.култури) | | |
| Машини за расадување | | |
| Машина за молзење | | |
| Гроздомелачка | | |
| Пумпи во винарство | | |
| Ферментатори | | |
| Цедилки | | |
| Филтри за вино | | |
| Тракторска приколка | | |
| Ѓубрерастурачки | | |
| Плуг | | |
| Култиватори | | |
| Фрези | | |
| Мулчери | | |
| Машини за заштита на растенијата | | |
| Транспортно возило | | |
| Косачка | | |
| Балирачка | | |
| Машини за резидба | | |
| Силоси | | |

| Системи за наводнување | Година на производство | Површина во ha |
|---|---|---|
| Агрегати и инсталација за навод со вештачки дожд | | |
| Агрегати и инсталација за подземно наводнување | | |
| Систем капка по капка (микро наводнување) | | |
| Агрегати и инсталација за површинско наводнување | | |

**Датум на пополнување на образецот**______________________________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

| ОБРАЗЕЦ БР. 6 | БАРАЊЕ ЗА УПИС И ПРИЈАВА НА ПРОМЕНИ ВО ЕРЗС<br>потребни документи |
|---|---|

ОБРАЗЦИТЕ ТРЕБА ДА СЕ ПОПОЛНАТ СО ГОЛЕМИ ПЕЧАТНИ БУКВИ

**1. Подрачна единица на МЗШВ** ______________ **ИДБР** ______________
пополнува службеникот во Подрачната единица на МЗШВ

**ПРОПРАТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА** — **Доставените документи да се означат со Х**

| | | |
|---|---|---|
| **За сите организациони форми** | | |
| 1 | | доказ за поседување или располагање со земјоделско земјиште: имотен лист не постар од шест месеци; договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост; договор за закуп на земјоделско земјиште во приватна сопственост; договор за плодоуживање на земјоделско земјиште во државна сопственост или договор за плодоуживање на земјоделско земјиште во приватна сопственост; |
| 2 | | доказ за бројна состојба на добитокот – листа со броеви од пасоши на регистриран и идентификуван добиток или потврда со броеви на пасоши од овластени организации како и потврда од официјален ветеринар за бројот на одгледувани животни или пчелни семејства кои не се евидентирани |
| 3 | | Копија од сметката на носителот на земјоделското стопанство |
| **Дополнително за семејно земјоделско стопанство** | | |
| 4 | | изјава на членовите на семејното земјоделско стопанство со која потврдуваат дека се членови на едно земјоделско стопанство и дека се назначува еден од членовите за носител на семејното земјоделско стопанство |
| **Дополнително за земјоделско стопанство – правно лице и трговец поединец** | | |
| 5 | | Доказ за тековна состојба на правното лице издадена од Централен регистар не постара од шест месеци |
| 6 | | Изјава на одговорното лице на правното лице носител на земјоделското стопанство дека не постои капитална поврзаност меѓу правните лица носители на земјоделските стопанства запишани во ЕРЗС; |
| 7 | | Копија од депонирани потписи за правните лица |
| **Носителот на земјоделското стопанство во зависност од дејноста која ја врши треба да ги достави и следните документи:** | | |
| 8 | | сертификат за органско производство или производство во конверзија за органските производители |
| 9 | | имотен лист во кој се запишани оранжериите за оранжериско производство за запишување на оранжерии |
| 10 | | изјава за одгледување полжави, вид на полжави, производствен капацитет во метри квадратни и обем на производство за запишување на производство на полжави |
| 11 | | имотен лист за објектот во кој ја извршува дејноста сточарско производство за запишување на земјоделско стопанство кое се занимава со сточарско производство и не располага со земјоделско земјиште |
| 12 | | изјава за производство на печурки, вид на печурки, производствен капацитет во метри квадратни и обем на производство за запишување на печуркарник |

**Потпис на носителот на земјоделското стопанство**

| Датум на пополнување на образецот: | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ден | | месец | | | година | | |

Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**ПРИЛОГ 2**

П.Е ________________ ИДБР бар код

Врз основа на член 15 став ____ од Законот за земјоделство и рурален развој, а по поднесено барање бр. __________, од ______________________ година поднесено од ______________________________ Министерството за
(име, презиме и место на живеење на подносителот на барањето)
земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# РЕШЕНИЕ

## за запишување на земјоделско стопанство во Единствениот регистар на земјоделски стопанства

______________________________________________
(име и презиме на носителот на земјоделското стопанство односно назив на правното лице)

од ______________________________________________
(адреса односно седиштето на земјоделското стопанство)

носител на земјоделското стопанство, со единствен идентификациски број на земјоделското стопанство (ИДБР) ____________, со сметка бр.______________, број на членови на земјоделското стопанство _____, како ________________________ се запишува во единствениот регистар на
(организациски облик на земјоделско стопанство)
земјоделски стопанства кои се води во електорнска форма

Табела 1: Пријавени површини под растително производство

| **Култура** | **Површина** | | |
|---|---|---|---|
| | **ха** | **ар** | **м$^2$** |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Табела 2: Пријавени капацитети за сточарско производство

| Сточарско производство | Вкупен број |
|---|---|
| | |
| | |
| | |

**О б р а з л о ж е н и е**

Барателот ________________________________ поднесе барање бр. _______ од _________________ година, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Подрачна единица ______________________, за запишување во Единствениот регистар на земјоделски стопанства, согласно член 15 став 16 и 17 од Законот за земјоделство и рурален развој поради што донесе решение како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапката од работен однос во втор степен – Скопје согласно Законот за управна постапка. .

______________________________
Име и презиме на овластено лице од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Датум: ______________________________ ( потпис )

**ДОСТАВЕНО:** М.П
- Барателот
- Архива

Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**ПРИЛОГ 3**

П.Е ________________

# БАРАЊЕ

## за бришење на земјоделското стопанство од Единствениот регистар на земјоделски стопанства

______________________________________________
( име и презиме на носителот на земјоделското стопанство односно назив на правното лице)

од ______________________________________________
(адреса односно седиштето на земјоделското стопанство)

носител на земјоделското стопанство со единствен идентификациски број на Земјоделското стопанство (ИДБР) ________________________, барам да се избрише земјоделското стопанство од единствениот регистар на земјодеслки стопанства.

датум и место

________________________
Потпис на барателот

Република Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

**ПРИЛОГ 4**

П.Е ________________ ИДБР бар код

Врз основа на член 15 став ______ од Законот за земјоделство и рурален развој, а по поднесено барање бр. _________, од ____________________ година поднесено од ______________________________________________, Министерството за земјоделство,
**(име, презиме и место на живеење на подносителот на барањето)**
шумарство и водостопанство донесе

# РЕШЕНИЕ

## за бришење на земјоделско стопанство од Единствениот регистар на земјоделски стопанства

**СЕ БРИШЕ** ______________________________________________
( име и презиме на носителот на земјоделското стопанство односно назив на правното лице)
од ______________________________________________
**(адреса односно седиштето на земјоделското стопанство)**
носител на земјоделското стопанство, со единствен идентификациски број на земјоделското стопанство (ИДБР)__________________,како __________________.
(организациски облик на земјоделско стопанство)
од единствениот регистар на земјоделски стопанства кој се води во електронска форма

**О б р а з л о ж е н и е**

Барателот ________________________________ поднесе барање бр. ________ од ____________година, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, подрачна единица ______________________, за бришење од единствениот регистар на земјоделски стопанства согласно член 15 став 16 и 17 од Законот за земјоделство и рурален развој и се одлучи како во диспозитивот на ова решение.
Решено во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – подрачна единица ______________________ бр. ___________ од ____________ година.
**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапката од работен однос во втор степен – Скопје.

Датум:

________________________
Име и презиме на овластено лице од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

________________________
( потпис )

**ДОСТАВЕНО:**
- Барателот
- Архива

М.П.